МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ

Скопје, јуни 2014 година

ВОВЕД

I.Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причините за донесување на законот

Согласно член 3 став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, сопствениците на превозни средства се должни пред да го пуштат превозното средство во сообраќај да склучат договор за задолжително осигурување со друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на задолжително осигурување. Со членот 2 точки 1) и 3) се дефинираат пловните објекти и моторни и приклучни возила. Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е донесен во 2005 година. По неговото донесување донесен е нов Закон за возила и нов Закон за внатрешна пловидба. Бидејќи во трите закони има дефиниции кои не се меѓусебно усогласени, а со цел да се избегне можноста некои пловни објекти или возила да не се опфатени со задолжително осигурување се предлага измена на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. Со измената секој пловен објект со механички двигател и пливачки објекти дефинирани согласно Законот за внатрешна пловидба и сите возила на моторен погон, вклучително и мотоциклите и приклучни возила дефинирани согласно Законот за возила ќе подлежат на задолжително осигурување од автоодговорност.

II.Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Целта на донесувањето на Закон за изменување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е да се избегне можноста некои пловни објекти или возила да не се опфатени со задолжително осигурување. Законот за изменување чие донесување се предлага се заснова врз истите начела на кои се засновало донесувањето на основниот закон.

III. Оцена на финансиските последици од предлогот на законот врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

За донесувањето на овој Предлог закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV. Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот, начин на нивното обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија:

Не

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

Нема

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ

Член 1

Во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011 и 135/2011) во членот 2 точките 1 и 3 се менуваат и гласат:

„1. „Брод или чамец на моторен погон“ е секој пловен објект со механички двигател и пливачки објекти дефинирани согласно Законот за внатрешна пловидба;

3. „Моторни и приклучни возила“ се сите возила на моторен погон и приклучни возила дефинирани согласно Законот за возила;

Член 2

Во членот 52 во ставот (2) зборот: „точка 4)“ се заменува со зборот „точка 3)“.
Во ставот (3) зборот: „точка 5)“ се заменува со зборот „точка 4)“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Макеоднија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. Објаснување на содржината на одредбите на предлог законот

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, се врши терминолошко усогласување со Законот за возила и Законот за внатрешна пловидба.

Со членот 1 од измената се предвидува дека секој пловен објект со механички двигател и пливачки објекти дефинирани согласно Законот за внатрешна пловидба и сите возила на моторен погон и приклучни возила дефинирани согласно Законот за возила ќе подлежат на задолжително осигурување од автоодговорност.

Измената во членот 2 е од технички карактер.

## II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви применливи во пракса.

## III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, секој пловен објект со механички двигател и пливачки објекти дефинирани согласно Законот за внатрешна пловидба и сите возила на моторен погон и приклучни возила дефинирани согласно Законот за возила ќе подлежат на задолжително осигурување од автоодговорност во смисла на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Значење на одделни изрази

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Брод или чамец на моторен погон" е средство дефинирано согласно со прописите кои ја регулираат внатрешната пловидба;

2. "Воздухоплов" е средство дефинирано согласно со прописите кои ја регулираат воздушната пловидба;

3. "Моторни и приклучни возила" се сите возила дефинирани согласно со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата вклучувајќи ги тракторите независно од поседувањето на сообраќајната дозвола и роковите за технички преглед;

4. "Одговорно друштво за осигурување" претставува друштво за осигурување со кое сопственикот на превозното средство со чија употреба е причинета незгодата склучил договор за задолжително осигурување;

5. "Превозно средство" е средство за превоз на патници во јавен сообраќај, моторно и приклучно возило, воздухоплов и брод или чамец на моторен погон;

6. "Странско моторно возило" е моторно возило регистрирано надвор од територијата на Република Македонија;

7. "Странски воздухоплов" е воздухоплов регистриран надвор од територијата на Република Македонија;

8. "Странски брод, осносно чамец на моторен погон" е брод, односно чамец регистриран надвор од територијата на Република Македонија;

9. "Корисник на осигурување" е лице кое има право на надомест од задолжителното осигурување во сообраќајот;

10. "Оштетено лице" е лице кое претрпело штета од употреба на превозно средство;

11. "Специјални права на влечење (СПВ)" се специјални права на влечење (пресметковна вредност) дефинирани од страна на Меѓународниот монетарен фонд, изразени во денарска противвредност на Народната банка на Република Македонија и

12. "Критски договор" се однесува на внатрешните одредби усвоени на 26. Генерално собрание на Советот на бироата одржано на 30 и 31 мај 2002 година и кои влегоа во сила на 1 јули 2003 година.

Работи на Бирото

Член 52

(1) Бирото ги врши следниве работи:

1) врши работи согласно меѓународните спогодби за осигурување од одговорност на сопствениците и корисниците на моторни возила (зелена карта) и ги претставува друштвата за осигурување пред меѓународните организации на друштвата за осигурување;
2) издава и печати меѓународни зелени карти за потребите на членките;
3) ја определува висината на дополнителната премија за издавање на меѓународни зелени карти, по претходна согласност на Министерството за финансии;
4) води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоците добиени од друштвата за осигурување согласно

статистичките осигурителни стандарди и истите квартално ги објавува на својата веб страна;

5) воспоставува и одржува централен систем за евиденција на полиси и штети од употреба на моторни возила;
6) врши работи кои се од заеднички интерес на друштвата за осигурување, пропишани во Законот за трговските друштва или Статутот на Бирото, како и други работи за кои е овластено од нејзините членови;
7) донесува кодекс на однесување на друштвата за осигурување;
8) соработува со други органи за прашања од областа на осигурувањето;
9) врши и други работи согласно со овој закон.

(2) Податоците потребни за водење на статистичката евиденција од ставот (1) точка 4) од овој член, друштвата за осигурување се должни да ги доставуваат квартално.

(3) Податоците за штети и полиси од ставот (1) точка 5) од овој член, друштвата за осигурување се должни да ги внесуваат во централниот систем паралелно со нивно внесување во интерната евиденција на друштвото.